# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТА И КОЛАЧИЊАТА НА ВЕБ-ЛОКАЦИЈАТА

## Вовед

Со оваа веб-локација www.plazmaslatkarnica.mk управува „Концерн Бамби а.д. Пожаревац", членка на групацијата Coca-Cola Hellenic, чија матична холдинг компанија е Coca Cola HBC AG (со седиште во Швајцарија, матичен број CH-170.3.037.199-9 и адреса регистрирана на Turmstrasse 30, 6300 Zug, Швајцарија).

Секаде каде што се среќаваат поимите „наш", „нас", „ние" или „компанија" во рамките на оваа политика и во рамките на opt-in известувањата, ќе се смета дека се однесуваат на „Концерн Бамби а.д. Пожаревац".

„Концерн Бамби" е посветена на чување на приватноста на сите посетители на веб-локацијата www.plazmaslatkarnica.mk и на заштита на сите лични податоци што може да ни ги испратите.

Ова Известување за приватноста и колачињата го даваме за да Ви помогнеме да разберете што можеме да направиме со сите лични податоци што ги добиваме од Вас. Со тоа што ни ги праќате Вашите лични податоци, потврдувате дека го прифаќате нашето Известување за приватноста и колачињата и се согласувате дека можеме да ги собираме, користиме и откриваме Вашите лични податоци на начинот што е опишан во ова Известување за приватноста и колачињата. Ако не се согласувате со ова Известување, не праќајте ни ги Вашите лични податоци.

## Што се лични податоци?

Лични податоци се податоци за лице кое може да биде идентификувано, во согласност со важечкиот закон, како што се име и презиме, адреса на е-пошта и број на телефон.

## Информации што ги собираме од Вас

Вие всушност можете да ја посетите оваа веб-локација без да ни кажете кои сте или, пак, да не ни откриете ниту една информација за Вас. Нашите веб-сервери го собираат називот на доменот, а не адресите на е-поштата на посетителите. Освен тоа, постојат и делови на оваа веб-локација за кои можеби ќе ни требаат Вашите лични податоци за некоја конкретна цел, како на пример, да Ви обезбедиме некои информации што Ви се потребни и во тој случај морате да се регистрирате на нашата веб-локација.

Тоа го правиме со помош на онлајн-образец и секојпат ни ги праќате Вашите податоци по електронска пошта. Информациите што ги собираме од Вас би можеле да ги содржат Вашето име и презиме, адреса, број на телефон, број на факс или адреса на е-пошта. Ќе видите дека не сте обврзани да ни праќате никакви дополнителни информации што ние ги бараме, а тие не се неопходни, ниту пак е објективно да ги бараме од Вас за да Ви ги обезбедиме потребните услуги. Можеме и да собираме информации за Вас преку електронската пошта или дописите што ни ги праќате, кои би можеле да содржат лични податоци кои не ни се потребни или не планираме да ги собираме, како на пример, работното место кај работодавецот доколку нѐ контактирате преку

службената адреса на е-пошта.

**Користење на собраните информации**

Информациите за називот на доменот не се користат за Ваша лична идентификација, туку се собираат за да го одредиме бројот на посети, просечното време поминато на веб-локацијата, прегледаните страници итн. Тие информации ги користиме за да го процениме користењето на нашата веб-локација и да ги подобриме нејзините содржини.

Кога ги собираме останатите лични податоци од Вас со Ваша согласност, како што се името и презимето и адресата на е-поштата (на пример, користејќи го онлајн-образецот или преку електронската пошта), ние во принцип Ве известуваме како ќе ги користиме тие лични информации додека ги собираме податоците. Личните податоци што ни ги праќате или што ги собираме преку оваа веб-локација, можеме да ги користиме за следниве цели:

Одговор на Вашите прашања или обработка на Вашите барања во врска со Вашите податоци
Обезбедување и персонализација на нашите услуги

Доколку во иднина не сакате да Ве контактираме, известете нè.

**Колачиња**

Оваа веб-локација користи колачиња за да Ве разликуваме од останатите корисници на нашата веб-локација. Тие ни помагаат да Ви овозможиме добро искуство додека ја пребарувате нашата веб-локација, а и да ја подобриме веб-локацијата.

Со серверите во рамките на „Концерн Бамби ад Пожаревац“ управуваат трети лица-даватели на услуги (кои можеби се наоѓаат надвор од Европската економска област (ЕЕО)) и тие автоматски ги евидентираат податоците за Вашата посета на оваа веб-локација врз основа на Вашата IP-адреса.

Колачето е мала датотека со букви и бројки којашто ја зачувуваме на Вашиот прегледувач и хард дискот на Вашиот компјутер. Колачињата содржат информации што се пренесуваат на хард дискот на Вашиот компјутер.

**Колачиња за функционалност:**

Овие колачиња собираат информации за да бидеме во можност да ја подобруваме веб-локацијата.

__utma го следи бројот на посети на секој корисник и времето на првата, претходната и моменталната посета (веројатно делумно и поради двојна проверка)
__utmb се користат за следење на времето што се поминува на веб-локацијата – кога почнува посетата и кога отприлика завршува
__utmc се користат за следење на времето што се поминува на веб-локацијата – кога почнува посетата и кога приближно завршува. Брзо истекуваат.
__utmz ја следи локацијата од којашто дошол посетителот (прегледувач, клучен збор за пребарување, врска)

**Како да ги деактивирам/активирам колачињата?**

Можете да ги прифатите или да ги одбиете колачињата така што ќе ги промените поставките во Вашиот пребарувач. Меѓутоа, можеби нема да можете да ги користите сите интерактивни функции на нашата веб-локација ако ги деактивирате колачињата.

Постојат многу начини за управување со колачињата. Разгледајте ги упатствата за Вашиот пребарувач или екранот за помош за да дознаете повеќе за овие функции. На пример, кога

користите Internet Explorer, можете да ја отворите картичката Tools/Internet options/Security и Privacy за да го приспособите прегледувачот според Вашите очекувања. Ако користите различни компјутери на различни локации, ќе морате да се погрижите секој прегледувач да биде приспособен според Вашите потреби во однос на колачињата.

Некои модерни пребарувачи имаат способност да ги анализираат политиките за приватност на веб-локациите и да му овозможат на корисникот да управува со своите потреби за приватноста. Тоа е познато како функција „P3P“ (на анг. Privacy Preferences Platform).

Лесно можете да избришете какво било колаче коешто се наоѓа во папката со колачиња во Вашиот прегледувач. На пример, ако го користите Microsoft Windows Explorer:

отворете го „Windows Explorer“
притиснете на копчето „Search“ на лентата со алатки
впишете „cookie“ во полето за пребарување за „Folders and Files“
изберете „My Computer“ во полето „Look In“
кликнете на „Search Now“ со двојно кликнување на пронајдените директориуми
изберете која било датотека со колаче
притиснете на копчето „Delete“ на тастатурата

Ако не го користите Microsoft Windows Explorer, треба да изберете „cookies“ во функцијата „Help“ за информации во врска со тоа каде може да го најдете директориумот со колачиња.

**Откривање на информациите**

Информациите што ни ги праќате ќе се чуваат на серверот во Србија и ќе може да им се пристапи или можеби ќе бидат препратени до нашиот персонал кој работи надвор од Србија и до трети лица, деловни партнери, државни органи и органи за спроведување на законот, правни наследници на нашите компании и добавувачи кои ги ангажираме за обработка на информациите во наше име, од кои некои можеби се наоѓаат и надвор од Европската економска област, кои работат за нас за целите утврдени во оваа политика или за други цели кои Вие ги одобрувате.

Меѓутоа, за да Ви ги обезбедиме нашите производи и услуги, можеби ќе мораме да ги споделиме Вашите лични податоци со други компании во рамките на групацијата Coca-Cola Hellenic и/или со трети лица-даватели на услуги кои ги обработуваат податоците во наше име. Доколку ни ги испратите личните податоци, тоа значи дека се согласувате со нивното откривање.

Бидејќи Coca-Cola HBC AG работи на глобално ниво, можеби ќе треба да ги пренесеме Вашите податоци и во други држави, вклучувајќи ги и државите надвор од (ЕЕО). Меѓутоа, додека се под наша контрола, секогаш ќе настојуваме Вашите лични податоци да имаат исто ниво на заштита како што би имале доколку се во рамките на ЕЕО, да бидат безбедни и да се користат само во согласност со нашите упатства и за договорената цел(-и).

Сите горенаведени лица ги обработуваат информациите, ги исполнуваат и испорачуваат нарачките и даваат услуги за поддршка во наше име. Можеби собраните информации за користењето на нашата веб-локација ќе ги испратиме до трети лица, но, тоа не ги опфаќа информациите што можат да се користат за Ваша идентификација.

Го задржуваме правото да ги откриеме Вашите лични податоци кога е така пропишано со закон или кога сметаме дека откривањето на податоците е неопходно за заштита на нашите права и/или за усогласување со судска постапка, судски налог, барање од надлежна институција или со кој било задолжителен законски процес.

Доколку не е задолжително според законот, нема на друг начин и без Ваша согласност да ги споделуваме, продаваме или дистрибуираме кои било од податоците што сте ни ги испратиле.

За крај, доколку нашата компанија влезе во заеднички бизнис, се продаде или спои со друг деловен субјект, Вашите податоци може да бидат откриени на новите деловни партнери или сопственици.

Доколку не е задолжително според законот, нема на друг начин и без Ваша согласност да ги споделуваме, продаваме или дистрибуираме кои било од податоците што сте ни ги испратиле.

**Корисници на 16-годишна возраст и помлади**

Ако сте на 16-годишна возраст или помлади, обезбедете дозвола од родител или старател пред да ни испратите какви било лични податоци. На корисниците кои ја немаат наведената согласност не им е дозволено да ни ги испраќаат своите лични податоци.

**Други веб-локации**

Нашата веб-локација може да содржи врски до други веб-локации што се надвор од нашата контрола и не се опфатени со ова Известување за приватноста и колачињата. Доколку пристапувате на други веб-локации преку дадените врски, операторите на тие веб-локации ќе можат да собираат информации од Вас кои ќе ги користат во согласност со нивните политики за приватност кои можеби се разликуваат од нашите. Ние Ви препорачуваме да ги прочитате известувањата за приватност и колачиња и условите и одредбите на сите веб-локации кои ги посетувате преку врските, референците или интерфејсот.

**Безбедност на собраните информации и задржување податоци**

Преземаме строги физички, електронски и административни безбедносни мерки за да ги заштитиме Вашите податоци од пристап на неовластени лица, како и од незаконска обработка, случајно губење, уништување или оштетување, и онлајн и офлајн. Ќе ги чуваме Вашите податоци во разумен временски период или онолку долго колку што е пропишано со закон.

**Пренос преку интернет и откажување**

Со оглед на тоа што интернетот претставува глобално опкружување, користењето веб-локации за собирање и обработка на лични податоци подразбира и пренос на податоците ширум светот. Според тоа, ако ја прегледувате оваа веб-локација и комуницирате електронски со нас, потврдувате и се согласувате ние да ги обработуваме личните податоци на тој начин.

Иако „Концерн Бамби а.д. Пожаревац“ спроведува разумни мерки за заштита од вируси и други опасни компоненти, природата на интернетот е таква што е невозможно да се обезбеди Вашиот пристап до веб-локацијата секогаш да биде без прекини или грешки или оваа веб-локација, нејзините сервери или електронската пошта што ја испраќаме, никогаш да не содржи вируси или други опасни компоненти.

**Пристап до податоците и нивно ажурирање**

Имате право да ги разгледате личните податоци што ги поседуваме за Вас и од нас можете да побарате да ги направиме потребните измени за да се погрижиме за нивната точност и ажурираност. Доколку тоа го сакате, контактирајте нè преку податоците за контакт наведени на страницата „Контакт“. Според законот, имаме право да наплатиме мала административна такса за да ги покриеме трошоците што ги имаме за да Ви ги обезбедиме информациите што ги поседуваме за Вас.

**Контактирајте нè**

Доколку имате некакви коментари, прашања или барања за нашето користење на Вашите лични податоци или прашања за ова Известување за приватноста и колачињата, контактирајте нè преку

податоците за контакт наведени на страницата „Контакт“. Добредојдени се Вашите прашања, како и предлозите за ова Известување за приватноста и колачињата.

## Измени на оваа политика

Одвреме навреме проверувајте го ова Известување за приватноста и колачињата за да бидете известени во случај на какви било измени. Иако го задржуваме правото на измени и дополнување на оваа политика, ќе Ви обезбедиме известување на оваа веб-локација за сите поголеми измени во рок од барем 30 дена по измената и, доколку е соодветно, со праќање известување по електронска пошта.

## Пристапување, ажурирање и бришење податоци

Имате право да ги видите личните податоци кои ги имаме за вас; може и да побарате од нас да ги

направиме сите неопходни промени со цел да се погрижиме дека податоците се точни и ажурирани или да ги избришеме личните податоци што ги имаме за вас. Можете исто така да не информирате доколку сакате да ја ограничите обработката на податоците или доколку не се согласувате со обработувањето на личните податоци кои ги имаме за вас. Доколку сакате да го направите тоа, ве молиме контактирајте не на dataprotectionoffice@bambi.rs.